# ЛОКАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН

## ЗА ЗАШТИТА ОД СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

ВО ОПШТИНА КОЧАНИ за 2012 година

Центар за ИНСТИТУЦИОНАЛЕН РАЗВОЈ - ЦИРа
www.cira.org.mk
Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra
Swiss Agency for Development and Cooperation SDC
CIVICA mobilitas
...towards common values!
ECE

# ЛОКАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ЗАШТИТА ОД СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

# НА

# ОПШТИНА КОЧАНИ ЗА 2012 ГОДИНА

**ВОВЕД**

Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ - ЕСЕ во партнерство со општина Кочани во текот на 2011 година спроведе активности кои имаат за цел подготовка на локален акциски план за унапредување на системот за заштита од семејно насилство во општина Кочани.

Како дел од програмските активности беше формирана работна група составена од претставници од локалната општинска администрација; полициска станица, Кочани; Центар за социјална работа, Кочани; ЈЗУО Болница, Кочани; како и локални граѓански организации. Работната група имаше за задача да ги идентификува сферите на загриженост и проблемите во постапувањето на сите надлежни институции и општината во однос на семејното насилство и врз основа на тоа да подготви Локален акционен план за нивно надминување.

Основа за подготовка на Локалниот акциски план претставува спроведената анализа која имаше за цел да го утврди институционалниот одговор кон семејното насилство во општина Кочани, односно постапувањето на сите надлежни институции при обезбедување на навремена и соодветна заштита на жртвите на семејно насилство во периодот 2004 -2010 година. Всушност со анализата се опфати временскиот период од донесувањето на законската регулатива, па се до подготовката на овој план со цел да се утврдат позитивните/ негативните трендови во постапувањето на институциите соодветно на нивниот законски пропишан мандат. За потребите на анализата беа развиени два инструменти и тоа: прашалник за добивање на квантитативни податоци од надлежни институции и прашалник за спроведување на квалитативни интервјуа со професионалци кои се надлежни да постапуваат во случаи на семејно насилство. Дополнително се спроведоа интервјуа со претставник/ци на локалната општинска администрација, граѓанските организации и жртви на семејно насилство.

Подготвениот Локалниот акционен план за заштита од семејно насилство за 2012 година ќе биде поднесен до Градоначалникот и Советот на Општина Кочани на усвојување и ќе преставува основа за унапредување на заштитата од семејно насилство во општината за 2012 година.

Подготвката на овој план, односно спроведените активности се реалзираа во рамки на програмата CIVICA MOBILITAS имплементирана од ЦИРа и финансиски поддржана од SDC.

Центар за ИНСТИТУЦИОНАЛЕН РАЗВОЈ - ЦИРа www.cira.org.mk
Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra
Swiss Agency for Development and Cooperation SDC
CIVICA mobilitas ...towards common values!
ECE

## ПРВ ДЕЛ:

## АНАЛИЗА НА СОСТОЈБИТЕ, ОДНОСНО ПОСТАПУВАЊЕ НА НАДЛЕЖНИТЕ ИНСТИТУЦИ ВО СЛУЧАИ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО ВО ОПШТИНА КОЧАНИ (2005- 2010)

Центар за ИНСТИТУЦИОНАЛЕН РАЗВОЈ - ЦИРа
www.cira.org.mk
Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra
Swiss Agency for Development and Cooperation SDC
CIVICA mobilitas
...towards common values!
ECE

## 1. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО



***Мерките за заштита имаат цел обезбедување на сигурноста и заштита на жртвите од идно насилство, односно помош за надминување на последиците од доживеаното насилство, како и создавање на услови за нејзина интеграција во социјалната средина. Центарот за социјална работа, односно одговорниот стручен работник го следи спроведувањето на мерките за заштита. Мерки за заштита предвидени со позитивното семејно законодавство се: нужно сместување; соодветна здравствена заштита; соодветна психосоцијална интервенција и третман; соодветно советувалиште; редовно школување на децата на жртвата; известување на органот на прогон; правна помош и застапување; иницирање на потребни судски постапки и поднесување на барање за изрекување на привремени мерки за заштита.***

**Пријавени случаи на семејно насилство во Центар за социјална работа – Кочани**

Бројот на пријавени случаи на семејно насилство во Центар за социјална работа – Кочани по години е следен: 2005 г. пријавени се 99 случаи; 2006 г. пријавени се 83 случаи; 2007 г. пријавени се 42 случаи; 2008 г. пријавени се 21 случаи; 2009 г. пријавени се 16 случаи и 2010 г. пријавени се 16 случаи. Од вкупниот број на пријавени случаи (227), 167 се пријавени по пат на поднесување на пријава од страна на жените жртви на семејно насилство.

Од бројот на пријавени случаи може да се заклучи дека постои постојан тренд на опаѓање. Овој тренд на намалување на бројот на пријавени случаи по години, според надлежните институции се должи на тоа што во почетните години по донесувањето на измените во Законот за семејство во однос на семејното насилство, се пријавувале енормен број на случаи на семејно насилство, меѓу кои и такви кои не потпаѓаат во доменот на семејно насилство. Од 2007 година па наваму се бележи тренд на значително опаѓање на пријавени случаи на семејно насилство. Па така, во 2009 и 2010 година бројот на пријавени случаи на семејно насилство изнесува само 16 случаи годишно.

Од вкупно пријавените случаи на семејно насилство до Центарот (167) само во 20 случаи жртвите потпишале формално барање за отпочнување на постапка за заштита. Ова подразбира дека само во 20 случаи Центарот ја обезбедил потребната заштита (потребните мерки за заштита). Од податоците добиени од Центарот за социјална работа по однос на сервисите за заштита може

да се пофали со засолниште за долгорочно згрижување на жртвите на семејно насилство. На пример во 2008 година во ова засолниште биле згрижени шест жртви и нивните деца (девет). Со најновите измени на Законот за социјална заштита овој вид на згрижување изнесува три месеци со можност за продолжување за уште три месеци. Но и покрај овој дозволен временски рок за засолнување жртвите на нивно барање го напуштаат засолништето по две недели престој во него. Во општина Кочани не постои сервис за краткорочно засолнување на жртвите и не постои можност за добивање на потребна психолошка помош.



По однос на сервисите за заштита во општина Кочани освен капацитетите на Центарот за социјална работа не постои граѓанска организација која обезбедува било каква помош и поддршка на полето на семејно насилство. Покрај Центарот за социјална работа и полициската станица Кочани, во здравствените институции во оваа општина не се евидентирани пријавени случаи на семејно насилство.

## ПРАВЕН СИСТЕМ ЗА ЗАШТИТА ОД СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

### *2.1. ГРАЃАНСКО ПРАВЕН СИСТЕМ ЗА ЗАШТИТА – ПРИВРЕМЕНИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО*

***Привремените мерки за заштита имаат за цел заштита на жртвите од идно насилство, односно овозможување на непосредна и брза заштита на жртвата на семејно насилство. Во позитивното семејно законодавство предвидени се следните привремени мерки за заштита: забрана на насилникот да се заканува дека ќе стори семејно насилство; забрана на насилникот да малтретира, вознемирува, телефонира, контактира, или на друг начин да комуницира со жртвата; забрана на насилникот да се приближува до живеалиштето, училиштето, работното место или определено место кое редовно го посетува друг член од семејството; отстранување на насилникот од домот без оглед на сопственоста, до донесување на конечна одлука од страна на судот; забрана на насилникот да поседува огнено оружје или истото да му биде одземено; задолжување на насилникот да ги врати предметите кои се потребни за задоволување на секојдневните потреби на семејството; задолжително издржување на семејството од страна на насилникот; посетување на соодветно советувалиште од страна на насилникот; задолжително лекување на насилникот доколку е корисник на алкохол и други психотропни супстанци или има некое заболување; надоместување на медицинските и други трошоци настанати од семејното насилство и изрекување на која било друга мерка која судот ќе ја смета за неопходна за да се обезбеди сигурност и добросостојба на другите членови на семејството.. Овие привремени мерки ги издава судот на барање на Центарот за социјална работа и жртвата на семејно насилство.***

**Поднесување на барање за изрекување на привремени мерки за заштита од страна на Центарот за социјална работа, Кочани**

Центарот за социјална работа – Кочани во предметниот период на анализа примил исклучително низок број на поднесени писмени барања за изрекување на привремени мерки за заштита, односно вкупно 20. Следствено на малиот број на поднесени формални барања за заштита, Центарот за социјална работа Кочани поднел 12 барања до судот за изрекување на привремени мерки за заштита.

**Постапување на судото по поднесените барања за изрекување на привремени мерки за заштита**

Податоците добиени од граѓанското одделение на Основниот суд Кочани го потврдуваат исклучително нискиот степен на користење/применување на привремените мерки за заштита од семејно насилство. Па така, за периодот кој е предмет на анализа вкупниот број на барања/предлози за изрекување на привремени мерки за заштита поднесени до Основен суд Кочани од страна на Центарот за социјална работа, Кочани изнесува само 13 барања.

Барања/предлози за изрекување на привремените мерки за заштита директно од страна на жртва на семејно насилство не се поднесени до Основниот суд , Кочани за предметниот период на анализа.

## 2.2. *КАЗНЕНО ПРАВЕН СИСТЕМ ЗА ЗАШТИТА*

***Казнено правaната заштита има за цел да го санкционира насилното однесување во рамки на семејството, односно да даде до знаење дека таквото однесување е недозволиво и дека истото ќе биде подложно на соодветни санкции. Оваа заштита ја обезбедуваат органите за внатрешни работи, односно сите останати актери во рамки на казнено правниот систем. Семејното насилство во РМ е санкционирано, односно регулирано во повеќе глави на Кривичниот законик (кривични дела против животот и телото, кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот, кривични дела против половата слобода и морал. Казненото право на РМ не инкриминира посебен вид на прекршоци од областа на семејното насилство .Сите кривични дела за заштита од семејно насилство се гонат по службена должност, освен кривичното дело телесна повреда чл. 130 ст.2 за кое единствено е потребно да се прибави предлог за гонење –согласност на жртвата пред поднесување на кривична пријава.***

## Пријавени случаи на семејно насилство во полициска станица Кочани (во понатамошниот текст ПС-Кочани)



Во периодот 2005-2010 година бројот на пријавени случаи за семејно насилство по години е следен: 2005 г. 126 случаи; 2006 г. 141 случаи; 2007 г. 195; 2008г. 143 случаи; 2009 г. 141 случаи и 2010г. 66 случаи. Во просек годишно пријавувани се по 146 случаи на семејно насилство. Пријавените случаи на семејно насилство се однесуваат на сите видови на овој вид на насилство (вклучувајќи го семејното насилство врз жени, родители и деца).

## Пријавени поплаки / писмени предупредувања за семејно насилство до ПС -Кочани

Од вкупниот број на пријавени случаи значителен дел отпаѓа на поплаки за семејно насилство. Па така бројот на поплаки по години изнесува: 2005 г. тој изнесува 75 поплаки; 2006 г. изнесува 102 поплаки; 2007 г. изнесува 133 поплаки; 2008г. изнесува 113 поплаки; 2009г. изнесува 107 полаки и 2010 г. изнесува 50 поплаки. Во однос пак на видот на стореното семејно насилство, 219 од поплаките се однесуваат на психичко, а пак 346 поплаки се однесуваат на сторено физичко насилство. Нема ниту една поплака за семејно насилство не се однесуваат на сексуално насилство.

Од вкупниот број на поднесени поплаки/ писмени предупредувања (565поплаки), 350 се поднесени од страна на жени како жртви на семејно насилство. Останатите отпаѓаат на случаи на семејно насилство извршени врз останатите членови на семејството.

## Прекршочни пријави за семејно насилство поднесени од ПС-Кочани

Од вкупно пријавените случаи дел резултирале со поднесување на прекршочни пријави. Бројот на поднесени прекршочни пријави по години е следен: 2005 г. 40 пријави; 2006 г. 36 пријави; 2007 г. 52 пријави; 2008 г. 26 пријави; 2009 г. 10 пријави и 2010 г. 6 пријави. Од вкупниот број на прекршочни пријави (170), 96 се однесуваат на извршено семејно насилство врз жени.

**Посебни извештаи за извршени кривични дела за семејно насилство**

Дел од пријавите резултирале со подготовка и поднесување на посебни извештаи. Посебен извештај подготвува инспекторот задолжен за семејно насилство во случај кога жртвата бара кривичен прогон, но поради недостаток од докази не е поднесена кривична пријава. Подготвениот извештај се доставува до Јавното обвинителство. Во предметниот период бројот на овие извештаи е низок, односно 2006, 2007, 2008 и 2009 г. поднесени по еден извештај годишно (вкупно 4), додека во 2005 и 2010 г. не е поднесен ниту еден посебен извештај. Во однос на видот на семејното насилство подготвени извештаи се однесувале на кривичното дело Телесна повреда (член 130 став.2) и на кривично дело Загрозување на сигурноста (член 144.ст.2).

**Поднесени кривични пријави за одделни видови на семејно насилство од ПС - Кочани**
Дел од пријавените случаи резултирале со изготвување и поднесување на кривични пријави за извршено семејно насилство. Во предметниот период на анализа, односно 2005-2010 вкупно се поднесени 45 кривични пријави.

Во однос на видовите на насилство за кои се поднесени кривичните пријави сотојбата е следна:
***А) Психолошко насилство***
Во анализираниот период од пет години (2005-2010), може да се забележи исклучително низок број на пријави на кривични дела против слободите и правата на човекот со исклучок на 2009 г. и 2010 г. Имено, нивниот број по години е следен: 2005 г. поднесени се две (2) пријави; 2006г. поднесена е една (1) пријава; 2007г. поднесени се две (2) пријави; 2008г. поднесени се две (2) пријави; 2009 г. поднесени се 12 пријави и 2010 г. само за период од 6 месеци поднесени се 10 кривични пријави. Од вкупниот број на кривични пријави (29), 22 се однесуваат на кривични дела извршени врз жени- жртви(сопруги/ партнерки). Поголемиот дел од кривични пријави се однесуваат на кривичното дело Загрозување на сигурноста. Во ниту еден од пријавените случаи на кривични дела против слободите и правата на човекот не е користено огнено оружје.

***Б) Физичко насилство***
Бројот на поднесени кривични пријави во полициска станица Кочани, за кривични дела против животот и телото, со кои се санкционираат облиците на физичко насилство (семејно насилство), во анализираните пет години е следен: 2005 г. поднесени две (2) пријави; 2006 ниту една пријава; 2007г. поднесени се три (3) пријави; 2008г. поднесена е една (1) пријава 2009г. поднеснеи се десет (10) пријави; а пак во 2010, за период од 6 месеци, не е поднесена ниту една кривична пријава за овие дела.

Од вкупниот број на поднесени кривични пријави (16) поголемиот дел отпаѓа на кривично дело Телесна повреда (12). Од вкупниот број на кривични пријави 13 се однесуваат за кривични дела извршени врз жени жртви на семејно насилство (сопруги/ партнерки ). Во ниту еден од пријавените случаи на физичко насилство не е користено огнено оружје.



***В)Сексуално насилство***

Во периодот од 2005 -2010 г. не е поднесена ниту една кривична пријава за сексуално насилство.

| Вид на поднесени пријави во ПС Кочани | 2005-2010 |
|---|---|
| **Вкупен број на пријавени случаи** | **812** |
| **Пријавени поплаки** | **565** |
| **Прекршочни пријави** | **170** |
| **Поднесени кривични пријави** | **45** |

Табела 1 : Преглед на пријавени случаи, поплаки, прекршочни пријави и поднесени кривични пријави за семејно насилство во ПС-Кочани за период 2005-2010 година.

Од табеларниот преглед на случаите на семејно насилство во полициска станица Кочани може да се заклучи дека бројот на пријавите е на завидно ниво, односно граѓаните на општина Кочани пријавуваат случаи на семејно насилство. Од понатамошната анализа по однос на постапувањето на полицијата по пријавните случаи евидентен е трендот на исклучително висок број на поплаки, додека многу мал дел од пријавите отпаѓаат на прекршочни и кривични пријави за извршени кривични дела на семејно

насилство. Ова особено се однесува на дискрепанцата на вкупниот број на пријавени случаи наспрема бројот на кривични пријави. Имено, бројот на кривични пријави изнесува само 6% од вкупниот број на пријавени случаи. Овој процент е незначителен доколку извршиме споредба помеѓу бројот на поднесени кривични пријави и бројот на пријавени случаи кои не отпаѓаат на поплаки (18% од 247 случаи). Забележлив е и тренд на разрешување на случаите на семејно насилство со поднесување на прекршочни пријави. Имено овој тренд на постапување на полицијата е веќе нотиран на национално ниво и за него се предвидени соодветни активности во рамки на Националната стратегија за заштита од семејно насилство. Во однос пак на постапувањето по однос на различните видови на семејно насилство, забележлива е позитивна пракса на поднесување на кривични пријави за психолошко насилство за разлика од праксата на национално ниво, каде предничат поднесените кривични пријави за физичко насилство. По однос на физичкото насилство, сепак постои негативната пракса на поднесување на кривични пријави само за кривичното дело Телесна повреда на сметка на останатите кривични дела од главата на кривични дела против животот и телото. Ваква пракса е исто така присутна на национално ниво. Изненадува отсуството на пријави за сексуално семејно насилство. Во однос на постапувањето на полицијата забележена е негативна пракса на барање на согласност од страна на жртвата за кривичен прогон, дури и за кривични дела кои се гонат по службена должност (ова особено за кривичните дела Присилба и Загрозување на сигурност).



**Извршени привремени мерки за заштита од страна на полициска станица Кочани**

Во периодот на анализа, односно во периодот 2005-2010 година полициска станица Кочани не извршила ниту една привремена мерка за заштита. Овој податок изненадува, особено поради тоа што податоците добиени од страна на Основниот суд во Кочани зборуваат за изречени привремени мерки за заштита кои спаѓаат во надлежност на извршување на полицијата.

**Подготвени извештаи за извршени кривични дела за семејно насилство од страна на Основно јавно обвинителство (во понатамошниот текст ОЈО- Кочани)**

Основно јавно обвинителство - Кочани не евидентирало ниту еден случај на примени посебни извештаи (кога жртвата барала кривичен прогон но поради недостаток од докази не е поднесена кривична пријава), иако според податоците од ПС – Кочани, поднесени се четири вакви извештаи кривични дела за семејно насилство до Основно јавно обвинителство.

**Евидентирани кривични пријави од страна на ОЈО - Кочани**

Во периодот 2005-2010 година доставени се следниот број на кривични пријави до ОЈО – Кочани: 2005 г. шест (6) кривични пријави; 2006 г. седум (7) кривични пријави; 2007 г. 11 кривични пријави; 2008 г. осум (8) кривични пријави; 2009 г. 26 кривични пријави и во 2010 г. 25 кривични пријави. Во вкупниот број на пријави влегуваат поднесените кривични пријави од полициска станица Кочани (45) и кривичните пријави кои се поднесени по приватна тужба директно до ОЈО. Оттука, вкупно 83 кривични пријави се поднесени за извршено семејно насилство од кои 14 кривични пријави подоцна се отфрлени.

**Поднесени обвинителни акти до основен суд Кочани**

Податоците добиени од Основен суд Кочани, говорат дека во предметниот период биле поднесени 39 обвинителни акти за сторени акти на семејно насилство. Разликата помеѓу бројот на кривични пријави поднесени до ОЈО и бројопт на подигнати обвинителни акти делумно се должи на претходно наведените отфрлени пријави, но и на причини кои нам ни се непознати. Дури и дел на оваа разлика да отпадне на запрени кривични пријави, сепак разликата во податоците е значителна.

Во предметниот период на анализа судот во Кочани донел 33 правосилни пресуди, од кои една ослободителна. Во тек се две кривични постапки за извршени кривични дела за семејно насилство. Од вкупниот број на правосилни пресуди за случаи на семејно насилство во 15 случаи судот изрекол условна осуда и во остнатиот број на случаи изречена е казна затвор. Таа е изречена за најтешките кривични дела и тоа убиство, силување и полов напад врз дете.

## 3. ЗАКЛУЧОЦИ ОД СПРОВЕДЕНАТА АНАЛИЗА НА ПОСТАПУВАЊЕ НА НАДЛЕЖНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВО СЛУЧАИ НА СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО ВО ОПШТИНА КОЧАНИ (2005- 2010)

Како резултат на спроведената квантитативна и квалитативна анализа на состојбите, односно на постапувањето на надлежните институции во случаи на смејно насилство во општина Кочани беа беа утврдени следните сфери на загриженост:

**ОПШТИ**

1) Не постои востановен систем и методологија за прибирање на податоци за семејно насилство од страна на сите надлежни институции со цел евидентирање, прибирање и анализа на состојбите со семејното насилство;
2) Граѓаните не се доволно информирани за мандатот на постапување на надлежните институции по однос на случаите на семејното насилство;
3) Не постои континуирана едукација и механизми за координирано постапување на професионални структури кои работат на полето на семејно насилство на општинско ниво.

**МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО**

4) Низок степен на пријавување на случаи на семејно насилство во Центарот за социјална работа од Кочани;
5) ЦСР Кочани не е достапен во попладневните часови, после 16 часот, во викенди и празници;
6) Не постои краткорочно прифатилиште за жртви на семејно насилство во услови на потреба од итно сместување;
7) Не постои специјализирано лице советувач терапевт или советувалиште за жени жртви на семејно насилство заради обезбедување на психолошка помош;

8) Не постои граѓанска организација со развиени капацитети која работи на полето на семејно насилство и
9) Во здравствените институции не постои посебна евиденција за пријавени случаи на семејно насилство.

**ГРАЃАНСКО ПРАВЕН СИСТЕМ ЗА ЗАШТИТА – ПРИВРЕМЕНИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО**

10) Исклучително низок број на поднесени барања за изрекување на привремени мерки за заштита од страна на Центарот за социјална работа Кочани (вкупно 12 за период од пет години);
11) Отсуство на пракса на изрекување и извршување на привремените мерки за заштита (податоците на Основен суд Кочани се однесуваат само на примени барања за изрекување, а не и на изречени мерки).

**КАЗНЕНО ПРАВЕН СИСТЕМ ЗА ЗАШТИТА**

12) Не постои ниту една поднесена кривична пријава за сторено сексуално насилство(семејно насилство) во периодот од 2005 до 2010 година;
13) Исклучително висок број на пријавени поплаки за семејно насилство, наспрема поднесени кривични пријави (најчесто актите на семејно насилство се подведуваат под категоријата поплака и прекршок);
14) Исклучително висок број на поднесени прекршочни пријави наспрема поднесени кривични пријави за извршено семејно насилство;
15) Значителен број од поднесените пријави за физичко насилство отпаѓаат на кривичното дело Телесна повреда, а за психолошко насилство на кривичното дело Загрозување на сигурноста;
16) Непостоење на праска за извршување на привремени мерки за заштита од страна на полицијата

17) Постоење на пракса на барање на согласност за кривичен прогон од страна на жртвата, дури и за кривични дела кои се гонат по службена должност;

18) Тренд на блага казнена политика за кривичните дела на семејно насилство.

**ВТОР ДЕЛ:**

**ЛОКАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ЗАШТИТА ОД СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО ЗА 2012 ГОДИНА НА ОПШТИНА КОЧАНИ**

## 1. ОПШТА ЦЕЛ НА ЛОКАЛНИОТ АКЦИСКИ ПЛАН

Општа цел на Локалниот акциски план за заштита од семејно насилство на општина Кочани е намалување на појавата на семејно насилство и подобрување на квалитетот на заштита со системски мерки во областите/домените на превенирање на појавата на семејно насилство, континуирана едукација на професионални структури, подобрување на системот за заштита на жртвите на семејно насилство, воспоставување на систем за евиденција и редовно прибирање на податоци за случаите на семејно насилство.

## 2. ПОСЕБНИ ЦЕЛИ, РЕЗУЛТАТИ И АКТИВНОСТИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИОТ АКЦИСКИ ПЛАН



***Посебна цел 1: Превенирање на појавата на семејно насилство***

**Резултат: Зголемена информираност на населението за препознавање на семејното насилство, за потребата од негово навремено пријавување, како и за постојните можности за заштита од овој вид на насилство**

**Активности:**

1. Организирање на еднодневни информативно-едукативни работилници со општа популација (адолесценти, рурални жени, жени Ромки, вработени и невработени жени и др. )

2. Подготовка и дисеминирање на информативно-едукативни материјали (брошури, флаери и постери), вклучувајќи и дисеминирање на информативно –едукативните материјали преку билтенот на општината Кочани

3. Запознавање на општата јавност преку електронски медиуми (презентирање на мандатот и видот на заштита која ја обезбедуваат надлежните институции)

**Носители на активностите:** општина Кочани, Центар за социјална работа, полициска станица, здравствени институции и граѓански сектор.

**Период на реализација:** на секои два месеци во текот на годината.

*Посебна цел 2: Континуирана едукација на професионални структури*



**Резултат 2.1. : Зголемена информираност, сензибилизираност, знаења и вештини на професионалните структури за постапување по случаите на семејно насилство**

**Активности:**

1. Организирање на еднодневни тематски работилници (согласно на сферите на загриженост дефинирани во овој план) за соодветно постапување на случаи на семејно насилство на полициските службеници на територија на општина Кочани;
2. Организирање на еднодневни тематски работилници (согласно на сферите на загриженост дефинирани во овој план) за соодветно постапување на случаи на семејно насилство на службениците во Центарот за социјална работа во општина Кочани;
3. Организирање на еднодневни тематски работилници (согласно на сферите на загриженост дефинирани во овој план) за соодветно постапување на случаи на семејно насилство на здравствените работници на територија на општина Кочани;
4. Организирање на еднодневни тематски работилници (согласно на сферите на загриженост дефинирани во овој план) за соодветно постапување на случаи на семејно насилство на претставници на ОЈО и Основен суд Кочани (кривично одделение);
5. Организирање на стручни форуми (согласно на сферите на загриженост дефинирани во овој план) на актери од казнено правниот систем за потребата од координирано постапување во обезбедување на сите видови на заштита и унапредување во обезбедување на оваа заштита (полиција, ОЈО и Основен суд Кочани) ;
6. Организирање на стручни форуми (согласно на сферите на загриженост дефинирани во овој план) на актери кај кои се врши пријавување на случаи на семејно насилство во однос на обезбедување на сите видови на заштита и унапредување во обезбедување на оваа заштита (ЦСР, полиција, здравствени институции и граѓански организации);
7. Организирање на стручни форуми (согласно на сферите на загриженост дефинирани во овој план) на актери од граѓанско правниот систем за потребата од координирано постапување во изрекување на привремените мерки за заштита (ЦСР, Основен суд Кочани и граѓански организации).

**Носители на активностите:** Центар за социјална работа, полициска станица, здравствени институции, граѓански сектор, ОЈО и Основен суд Кочани.



**Период на реализација:** на секои три месеци во текот на годината.

*Посебна цел 3: Подобрување на системот за заштита на жртвите на семејно насилство*

**Резултат 3.1. : Зајакнати капацитети на граѓанскиот сектор во обезбедување на заштита на жртвите на семејно насилство(краткорочно прифаќање, правна и психосоцијална помош и поддршка )**



**Активности:**

1. Спроведување на обуки наменети за членови на граѓанскиот сектор за работа со жртви на семејно насилство (во рамките на оваа активност ќе бидат спроведени следните обуки (вкупно четири): една тридневна обука на тема Семејно насилство, природа, видови, законска рамка, системи за заштита; една дводневни обуки на тема Работа со жртви на семејно насилство, краткорочно прифаќање; една дводневна обука на тема Начин и методологија на работа на обезбедување на правна помош и една дводневна обука на тема Начин и методологија за обезбедување на психосоцијална помош и поддршка);

2. Обезбедување на простор за обезбедување правна, психосоцијална помош и поддршка  и краткорочно прифатилиште, негово/нивно опремување и обезбедување на режиски трошоци за работа на краткорочното засолниште (струја, вода, телефон, храна, лекови и др.);

3. Подготовка и дисеминирање на информативно-едукативни материјали за афирмирање на работата и услугите кои ќе ги нуди граѓанскиот сектор на полето на обезбедување на заштита од семејно насилство и

4. Запознавање на општата јавност преку електронски медиуми за афирмирање на помошта и поддршката која ќе ја обезбедува граѓанскиот сектор.

**Носители на активностите:** Општина Кочани и граѓански сектор.

**Период на реализација:** Континуирано.

***Посебна цел 4: Воспоставување на систем за евиденција и редовно прибирање на податоци за случаите на семејно насилство***

**Резултат 4. 1. : Воспоставен систем за евиденција на случаи на семејно насилство во здравствени институции**

**Активности:**

1. Организирање на средба на здравствени работници и останатите надлежни професионални структури (социјален работник, полициски инспектор за семејно насилство, јавен обвинител, граѓански и кривичен судија) со цел размена на информации во однос на постојната евиденција за семејно насилство.

2. Формирање на работна група (матични лекари , брза помош  невропсихијатар) за подготовка на упатство за водење на евиденција за случаи на семејно насилство во здравствени установи.

3. Подготвување на упатство за водење на евиденција во здравствени установи.

**Носители на активностите:** здравствени институции.

**Период на реализација:** јануари до март, 2012.

**Резултат 4.2. :** Воспоставен систем за редовно прибирање на податоци и следење на состојбите од страна на сите надлежни институции

**Активности:**

1. Организирање на средба  на претставници на надлежни институции кои постапуваат по случаи на семејно насилство со цел утврдување на систем за редовно прибирање на податоци за семејно насилство

2. Подготовка и доставување на полугодишни извештаи на сите надлежни институции до општина Кочани за состојбите по однос на семејното насилство во општина Кочани.

**Носители на активностите:** Општина Кочани, Центар за социјална работа, полициска станица, здравствени институции, граѓански сектор, ОЈО и Основен суд Кочани.

**Период на реализација:** Континуирано.

***Посебна цел 5: Воспоставување на механизам за спроведување и следење на Локалниот акциски план за заштита од семејно насилство***



**Резултат 5.1. : Ефективно спроведување на Локалниот акциски план за заштита од семејно насилство во општина Кочани**

**Активности:**

1. Формирање на тело за спроведување и следење на Локалниот акциски план за заштита од семејно насилство;
2. Определување на надлежности на тело за спроведување и следење на Локалниот акциски план за заштита од семејно насилство и
3. Подготвување на редовни извештаи за спроведувањето на Локалниот акциски план за заштита од семејно насилство.

**Носители на активностите:** Општина Кочани.

**Период на реализација:** почетокот на 2012 година.

**ПРИЛОГ: Табеларен приказа на посебните цели, резултати и активности на Локалниот акциски план за заштита од семејно насилство на општина Кочани**



***Посебна цел 1: Превенирање на појавата на семејно насилство***

**Резултат: Зголемена информираност на населението за препознавање на семејното насилство, за потребата од негово навремено пријавување, како и за постојните можности за заштита од овој вид на насилство**

| Бр. | Активност | Носители | Период на реализација | Индикатори |
|---|---|---|---|---|
| **1.1** | Организирање на еднодневни информативно-едукативни работилници со општа популација (адолесценти, рурални жени, жени Ромки, вработени и невработени жени и др. ) | општина Кочани, Центар за социјална работа, полициска станица, здравствени институции и граѓански сектор. | На секои два месеци по две трибини | - Одржани 12 јавни трибини<br>- Присутни лица на трибините |
| **1.2** | Подготовка и дисеминирање на информативно-едукативни материјали (брошури, флаери и постери), вклучувајќи и дисеминирање на информативно –едукативните материјали преку билтенот на општината Кочани | општина Кочани, Центар за социјална работа, полициска станица, здравствени институции и граѓански сектор. | **Подготовка на материјали – Февруари**<br><br>**Дисеминирање - континуирано** | - Подготвени 1000 флаери<br>- 100 постери |
| **1.3** | Запознавање на општата јавност преку електронски медиуми (презентирање на мандатот и видот на заштита која ја обезбедуваат надлежните институции) | општина Кочани, Центар за социјална работа, полициска станица, здравствени институции и граѓански сектор. | Пред почетокот на работилниците , во тек на реализација и по нивно завршување | 4 гостувања во контактни емисии |

***Посебна цел 2: Континуирана едукација на професионални структури***

**Резултат : Зголемена информираност, сензибилизираност, знаења и вештини на професионалните структури за постапување по случаите на семејно насилство**

| Бр. | Активност | Носители | Период на реализација | Индикатори |
|---|---|---|---|---|
| **2.1** | Организирање на еднодневни тематски работилници (согласно на сферите на загриженост дефинирани во овој план) за соодветно постапување на случаи на семејно насилство на полициските службеници на територија на општина Кочани; | **ПС- Тетово** | март, јуни, септември и декември | - Број на одржани работилници<br>- Број на учесници |
| **2.2** | Организирање на еднодневни тематски работилници (согласно на сферите на загриженост дефинирани во овој план) за соодветно постапување на случаи на семејно насилство на службениците во Центарот за социјална работа во општина Кочани; | **ЦСР- Кочани** | март, јуни, септември и декември | - Број на одржани работилници<br>- Број на учесници |
| **2.3** | Организирање на еднодневни тематски работилници (согласно на сферите на загриженост дефинирани во овој план) за соодветно постапување на случаи на семејно насилство на здравствените работници на територија на општина Кочани | **Здравствени институции- Кочани** | март, јуни, септември и декември | - Број на одржани работилници<br>- Број на учесници |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2.4** | Организирање на еднодневни тематски работилници (согласно на сферите на загриженост дефинирани во овој план) за соодветно постапување на случаи на семејно насилство на претставници на ОЈО и Основен суд Кочани (кривично одделение); | **Основен суд Кочани**<br>**ОЈО- Кочани** | март, јуни, септември и декември | - Број на одржани работилници<br>- Број на учесници |
| **2.5** | Организирање на стручни форуми (согласно на сферите на загриженост дефинирани во овој план) на актери од казнено правниот систем за потребата од координирано постапување во обезбедување на сите видови на заштита и унапредување во обезбедување на оваа заштита (полиција, ОЈО и Основен суд Кочани) | Полициска станица, ОЈО и Основен суд Кочани | **Април, Мај, Октомври и Ноември** | - Број на одржани работилници<br>- Број на учесници |
| **2.6** | Организирање на стручни форуми (согласно на сферите на загриженост дефинирани во овој план) на актери кај кои се врши пријавување на случаи на семејно насилство во однос на обезбедување на сите видови на заштита и унапредување во обезбедување на оваа заштита (ЦСР, полиција, здравствени институции и граѓански организации); | ЦСР , Полициска станица, здравствени институции и граѓански организации); | **Април, Мај, Октомври и Ноември** | - Број на одржани работилници<br>- Број на учесници |
| **2.7** | Организирање на стручни форуми (согласно на сферите на загриженост | ЦСР , Основен суд Кочани и граѓански организации. | **Април, Мај, Октомври и Ноември** | - Број на одржани работилници |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | дефинирани во овој план) на актери од граѓанско правниот систем за потребата од координирано постапување во изрекување на привремените мерки за заштита (ЦСР, Основен суд Кочани и граѓански организации). | | | - Број на учесници |
| ***Посебна цел 3: Подобрување на системот за заштита на жртвите на семејно насилство***<br><br>**Резултат : Зајакнати капацитети на граѓанскиот сектор во обезбедување на заштита на жртвите на семејно насилство(краткорочно прифаќање, правна и психосоцијална помош и поддршка )** | | | | |
| **Бр.** | **Активност** | **Носители** | **Период на реализација** | **Индикатори** |
| **3.1** | Спроведување на обуки наменети за членови на граѓанскиот сектор за работа со жртви на семејно насилство (во рамките на оваа активност ќе бидат спроведени следните обуки (вкупно четири):<br>- една тридневна обука на тема Семејно насилство, природа, видови, законска рамка, системи за заштита;<br>- една дводневни обуки на тема Работа со жртви на семејно насилство, краткорочно прифаќање;<br>- една дводневна обука на тема Начин и методологија на работа на обезбедување | **Општина и граѓански сектор** | **Јануари- Април** | - Одржани четири обуки за семејно насилство<br>- Обучени членови на здружение на граѓани и професионален тим (социјален работник/психолог, правник) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | на правна помош и<br>- една дводневна обука на тема Начин и методологија за обезбедување на психосоцијална помош и поддршка); | | | |
| **3.2** | Обезбедување на простор за обезбедување правна, психосоцијална помош и поддршка и краткорочно прифатилиште, негово/нивно опремување и обезбедување на режиски трошоци за работа на краткорочното засолниште (струја, вода, телефон, храна, лекови и др.); | | **Февруари- Март** | - **Обезбеден простор** за вршење на правна, психосоцијална помош и поддршка<br><br>- **Обезбеден простор** за краткорочно прифатилиште, |
| **3.3** | Подготовка и дисеминирање на информативно-едукативни материјали за афирмирање на работата и услугите кои ќе ги нуди граѓанскиот сектор на полето на обезбедување на заштита од семејно насилство | | **Континуирано** | Подготвени 1000 флаери за запознавање на јавноста |
| **3.4** | Запознавање на општата јавност преку електронски медиуми за афирмирање на помошта и поддршката која ќе ја обезбедува граѓанскиот сектор. | | **Континуирано** | - **Број на медиумски гостувања**<br>- **Број на емитувања** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ***Посебна цел 4: Воспоставување на систем за евиденција и редовно прибирање на податоци за случаите на семејно насилство***<br>**Резултат 4. 1. : Воспоставен систем за евиденција на случаи на семејно насилство во здравствени институции**<br>**Резултат 4.2. :** Воспоставен систем за редовно прибирање на податоци и следење на состојбите од страна на сите надлежни институции | | | | |
| **бр.** | **Активност** | **Носители** | **Период на реализација** | **Индикатори** |
| 4.1 | Организирање на заедничка средба на здравствени работници, со други професионални структури (социјален работник ,инспектор за семејно насилство, јавен обвинител, граѓански и кривичен судија , ) со цел размена на информации во однос на постојната евиденција за семејно насилство | Општина<br>Брза помош<br>Матични лекари<br>Невропсихијатри<br>ЦСР<br>МВР- ПС Кочани<br>ОЈО<br>Основен суд Кочани<br>Здруженија на граѓани | јануари 2012 | Реализирана средба<br>Присутни учесници на средбата |
| 4.2 | Формирање на работна група (Матични лекари , брза помош невропсихијатар) за подготовка на упатство за водење на евиденција | Општина<br>Матични лекари ,<br>Брза помош и невропсихијатри<br>Подрачно одделение на ФЗО | февруари 2012 | - Формирана група од здравствени работници |
| 4.3 | Подготвување на упатство за водење на евиденција во здравствени установи | Матични лекари ,<br>Брза помош и невропсихијатри<br>Подрачно одделение на ФЗО | февруари 2012 | -Подготвено упатство за водење на евиденција во здравствени установи |
| 4.4 | Организирање на заедничка средба со претставници од сите надлежни институции заради утврдување на систем | Општина Кочани, Центар за социјална работа, полициска станица, здравствени | март 2012 | -Востановен систем за редовно прибирање и доставување на податоци |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | за редовно прибирање на податоци за семејно насилство | институции, граѓански сектор, ОЈО и Основен суд Кочани. | | до општината<br>-Утврдени параметри за прибирање на податоци |
| 4.5 | Доставување на полугодишни извештаи до Општината (сите надлежни институции) | Општина Кочани | март - во континуитет | Доставени полугодишни извештаи за семејно насилство од сите надлежни институции по утврдени параметри |
| ***Посебна цел 5: Воспоставување на механизам за спроведување и следење на Локалниот акциски план за заштита од семејно насилство***<br>**Резултат: Ефективно спроведување на Локалниот акциски план за заштита од семејно насилство во општина Кочани** | | | | |
| 5.1 | Формирање на тело за следење на имплементација на ЛАП за семејно насилство | Општина Кочани | јануари | - Идентификувани членови<br>- Број на членови на телото |
| 5.2 | Определување на надлежности на тело за спроведување и следење на Локалниот акциски план за заштита од семејно насилство (Организирање на средба на телото) | Општина Кочани | јануари | -Утврдени надлежности<br>- Организирана средба на телото |
| 5.3 | Подготовка на редовни извештаи за следење на имплементацијата на ЛАП | Општина Кочани | Континуирано<br>(на секои три месеци ) | - Подготвени извештаи |

**АНЕКС I**

**Членови на работната група кои учествуваа во подготовката на Локалниот акционен план**

| Име и презиме | Институција/организација |
|---|---|
| Аника И. Ѓорѓиева | Општина Кочани |
| Билјана Илиева Миладинова | Полициска станица - Кочани |
| Елена Иванова | Здружение на граѓани „Европско Кочани“ |
| Жаклина Филипова Свеќаровска | Центар за социјална работа -Кочани |
| Зага Андонова | Здружение на граѓани „Европско Кочани“ |
| Јасминка Крстова | Полициска станица - Кочани |
| Јордан Стојанов | Општина Кочани |
| Љубинка Ајтовска | Здружение на граѓани ЦККЕР„Светла Иднина“ |
| Мануела Саидова | Центар за социјална работа - Кочани |
| Марика Иванова | ЈЗУ Општа болница - Кочани |
| Станка Крстова | Здружение на граѓани „Еднакви за сите“ |
| Тања Стоилова | Совет на општина Кочани |
| Фацилитатор: Марија Гелевска - Здружение ЕСЕ | |

# ЛОКАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН

## ЗА ЗАШТИТА ОД СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

ВО ОПШТИНА КОЧАНИ ВО за 2012 година

Центар за ИНСТИТУЦИОНАЛЕН РАЗВОЈ - ЦИРа
www.cira.org.mk

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra
Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

CIVICA mobilitas
...towards common values!

ECE